Врз основа на член 31 став 3 од Законот за високо образование („Сл. Весник на РМ" бр.82/2018) и член 41 став 3 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје, Факултетското студентско собрание на ФИНКИ објавува:

# К О Н К У Р С

**за избор на заменик на студентскиот правобранител на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје со мандат од 2 години без право на реизбор**

## I. Услови за аплицирање:

Согласно член 41 став 4 од Статутот на ФСС ФИНКИ, заинтересираните кандидати потребно е да бидат **редовни студенти на ФИНКИ.**

## II. Потребни документи:

Сите заинтересирани кандидати треба да достават:

- Писмена пријава
- Кратка биографија
- Потврда за редовен студент

Документите се доставуваат во Архивата на ФИНКИ или се испраќаат потпишани и скенирани на email адресите arhiva@finki.ukim.mk и fss@finki.ukim.mk , најдоцна до *22.01.2021 (петок) до 15:30 часот.*

## III. Начин на избор на заменикот на студентскиот правобранител:

Сите кандидати чија што апликација ќе биде уредно поднесена, ќе ја презентираат својата програма за работа пред членовите на Факултетското студентско собрание кое што, ќе избере заменик на студентскиот правобранител со тајно гласање со мнозинство гласови од присутниот број на членови на седницата, но не помалку од ⅓ од вкупниот број на членови. Од кандидатите се очекува да бидат запознаени со соодветните правни регулативи коишто го регулираат високото образование во РСМ, како и со правните регулативни на ФИНКИ.

## IV. Опис на работните задачи на заменикот на студентскиот правобранител:

- Истражува прекршување на студентски права по пријава на студенти или допрен глас и за истите истраги го известува Факултетското студентско собрание, по што се одлучува за превземање на соодветна постапка.
- За својата работа поднесува годишен извештај до Факултетското студентско собрание и до Наставно-научниот совет на Факултетот
- Соработува со сите членови на Факултетското студентско собрание, како и со сите вработени на Факултетот (наставен и административен кадар) за сите активности поврзани со неговата работа.
- Учествува во седниците на Факултетското студентско собрание, без право на глас
- Соработува со студентскиот правобранител на Универзитетот.

За повеќе информации обратете се на fss@finki.ukim.mk.

**Факултетско студентско собрание на ФИНКИ - Скопје**